# ОХРИД
# РОДНИОТ ГРАД НА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

Изработила
Искра Чавдаровска IV-A одд.

# УБАВИНИТЕ НА ГРАДОТ ОХРИД

Охрид и Охридското Езеро се едни од главните туристички места во Македонија. Поради големиот број на цркви и манастири, градот е познат како Балкански и Европски Ерусалим.



# СЛИКА ОД ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО



# ЦРКВАТА СВ.ЈОВАН КАНЕО

# ПОТЕКЛО НА ИМЕТО

Името на градот настанало од старословенските зборови „во хриди“, т.е. „во ридот“, како описно име за местоположбата на градот којшто со векови опстојувал во јужната вдлабнатина на карпестиот рид.Според една легенда, која ја запишале Браќата Миладиновци, кога се правела Охридската крепост, царот Јустинијан се качил на ридовите на кои лежи градот и гледајќи ја прекрасната околина извикал „ох рид“, т.е. каков убав рид и оттогаш останало градот да се вика Охрид.



# СЛИКА ОД ОХРИДСКИОТ АНТИЧКИ ТЕАТАР

# ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

Григор Прличев е истакнат македонски писател родум од Охрид кој творел во времето на романтизмот и значаен претставник на македонската книжевност од XIX век. Покрај мајчиниот македонски, творел и на грчки и бугарски, и ги обединувал во себе нивните специфични карактеристики, како и современите текови на класицизмот и романтизмот. Според Македонската енциклопедија, тој е писател кому Македонија му е и љубов и судба и болка и очај и неопходност и тага и лулка и гроб. Прличев живее и работи во повеќе балкански културни центри (Охрид, Струга, Битола, Прилеп, Солун, Атина, Тирана, Цариград, Софија). Коректно владее повеќе балкански и европски јазици. Во одреден период бил под влијание на словенофилството и прави обид да создаде граматика на словенско есперанто.Поетската творба Сердарот се смета за апсолутен врв на сиот влог што во уметноста на зборот овој творец го дал. За книжевната наука оваа поема треба да се разгледува во контекстот на европската теорија на романтизмот. За неа авторот во Атина го добива од критиката прозвиштето Втор Хомер. Други позабележителни негови творби се Автобиографијата и словото-есеј „Чувај се себеси. Тоа се комплементарни книжевни дела и ја доречуваат на директен начин основната порака на Сердарот.



# ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

# СПОМЕН КУЌАТА НА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

Куќата на писателот Григор Прличев се смета за значајно културно наследство на Македонија. Како родна куќа на писателот Григор Прличев, таа е претворена во негов спомен-дом, дел од Заводот за заштита на спомениците и музеј на градот. Куќата се наоѓа во стариот дел на градот, близу до Долни Сарај и црквата „Св. Софија“, во југоисточното подножје на повисокиот охридски рид, на улица „Григор Прличев“ бр. 66. Изградена е веројатно на почетокот на XIX век. Во 1930-тите била во урнатини. Кога Кирил Прличев се вратил во Охрид по бугарската окупација во 1941 г., тој не се вселил во родната куќа, туку во куќата на Ракичевиќ, која е во долниот дел на градот.Зачувани се два документа за оригиналниот изглед на куќата — скица на горниот кат од Нико Този од 1943 г. која се чува во Државниот архив во Софија и разгледница од 1915 г. Во 1997 г. е покрената иницијатива за обнова на куќата како спомен-дом на Прличев. Каменот-темелник е удрен во 1998 г. Архитект е охриѓанецот Митко Паскали. Дарител на средства бил стопанственикот Минчо Јорданов. Отворена е за јавноста на 6 февруари 2000 г.




# СЛИКА ОД СПОМЕН КУЌАТА НА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ